ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 12-107/1
Датум 19. 11. 2009 год.
СКОПЈЕ

Македонија
Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА во СКОПЈЕ
Примено: 23.12.2009
Орг. 03 | Број: 5327 | Прилог: | Вредност:

Врз основа на член 32 и член 71 став 2, алинеа 4 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", број 35/2008), Одборот за акредитација на 22-та седница, одржана на 19.11.2009 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредититација на изменета и дополнета студиска програма за Интегрирани студии од прв и втор циклус по Ветеринарна медицина на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје**

1.Се акредитира студиската програма по Ветеринарна медицина од прв и втор циклус на Факултет за ветеринарна медицина во Скопје на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, врз основа на исполнетоста на условите согласно Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија", број 33/03) и усогласена со Законот за високото образование („Службен Весник на Република Македонија" бр.35/08, бр.103/08 и бр.26/09).

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за интегрирани универзитетски студии од првиот и вториот циклус на студиската програма по Ветеринарна медицина во траење од пет и пол години или 11 семестри.

3. По завршените интегрирани студии од прв и втор циклус, се стекнува со звање : Доктор по ветеринарна медицина.

4. Факултетот за ветеринарна медицина на Универзитетот„ Св.Кирил и Методиј" во Скопје е должен во целост да го реализира Елаборатот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност и

Класификацијата на научни подрачја, полиња и области на истражувања, структурирани според стандардите на ОЕЦД.

5. Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.

6. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, поднесе барање и достави Елаборат до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на универзитетски интегрирани студии од првиот и вториот циклус за студиската програма за ветеринарна медицина.

Одборот за акредитација на својата 19. седница одржана на 26.08.2009 година, формира експерстка комисија за преглед и оценка на Елаборатот и на 22. седница одржана на 19.11.2009 година врз основа доставениот Елаборат, и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**Проф. д-р Михаил Петковски с.р.**